ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 4 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 5 одд (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 4 The market 12 часа | Време за реализација: декември 2025 |
| Изготвил/-а: | Од ООУ |

| **Содржина (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Лексички единици:<br><br>храна:<br>*dipped in, hot dish/ side dish, covered in/with, layer of, ingredient, toasted bread, gravy, mustard, sauce, curds, baked pudding, candy bar, popsicle, lemon-lime* | Препознава и користи новоусвоени лексички единици за храна. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 37** | ***Воведна активност***<br>Наставникот:<br>· Го пишува зборот **market** на табла.<br>· Прашува: *What can you buy at a market?* (Што можете да купите на пазар?)<br>· Под **market** пишува категории: **fruit**, **vegetables**, **other**.<br>· Поттикнува ученици да кажат зборови што веќе ги знаат, на пример: *banana*, *fish*, *cheese*, *carrots*.<br>· Ги запишува одговорите на учениците под соодветната категорија за да направи мапа на зборови.<br>***·Главни активности-* новоусвоени лексички единици за храна.** Наставникот:<br>· Користи флеш-картички за да ги претстави новите зборови за храна.<br>· Ја изговара секоја нова реченица за учениците да ја повторат.<br>· Повторува ова три до четири пати.<br>· Подига флеш-картичка и учениците заедно во хор ја изговараат речта.<br>· Доброволци ги лепат картичките на табла за да ја дополнат мапата на зборови.<br>· Ја остава мапата на зборови на табла за понатамошна употреба.***Завршна активност*** **Наставникот:**<br>· Повикува волонтери да излезат на табла.<br>· Ги замолува да ги напишат зборовите за храна под соодветните слики во мапата на зборови. | • Учебник<br>• Наставнички прирачник<br>• Табла (обична или бела табла)<br>• Фломастери / креда<br>• Проектор / интерактивна табла<br>• Флеш-картички (flashcards)<br><br>**Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | -Дискусија (активно учество на час)<br><br>-изработка на картичка (картички со слика) |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | · Ги поттикнува учениците да ги проверуваат и коригираат заедно.<br>· Ја користи оваа активност за преглед на клучниот вокабулар.<br>***Рефлексија***<br>Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на дадениот час. **Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br>**Диференцирани активности:**<br>Доколку кај некои ученици се појави потешкотија во совладување на содржината (потешкотии во покажување и изговарање на зборовите), доволно е само да се илустрираат сликовните картички.<br>**Рефлексија**Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | - -чек листа<br><br>Наставникот набљудува како учениците реагираат и учествуваат во активностите: |

Евидентен лист пополнет на крај на часот од учениците –Чек листа

| СКАЛА НА ПРОЦЕНКА | СКАЛА НА ПРОЦЕНКА |
|---|---|
| Моето учество во групата беше<br><br>GOOD OK BAD<br><br>Правилата за граматичката форма и новиот вокабулар ги научив<br>GOOD OK BAD<br>Каде треба да се подобрам | Моето учество во групата беше<br><br>GOOD OK BAD<br><br>Правилата за граматичката форма и новиот вокабулар ги научив<br>GOOD OK BAD<br>Каде треба да се подобрам |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 4 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 5 одд (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 4 The market 12 часа | Време за реализација: декември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| **Содржина (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| сложена глаголска конструкција (*would like + to infinitive*) | Составува потврдни реченици кои ја содржат сложената глаголска конструкција *would like + to infinitive* за да искаже желба. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 38** | ***Воведна активност***<br>**Наставникот:**<br>· Кажува: *I'm thinking of some food. It's yellow and looks like this* (прави форма на лимон со рацете).<br>· Учениците погодуваат за која храна станува збор.<br>· Кога некој ученик ќе погоди точно, наставникот ја покажува соодветната флеш-картичка за потврда.<br>· Продолжува со други описи за да го прегледа вокабуларот за храна на забавен и интерактивен начин.<br>***Главни активности***<br>**Да се претстави** конструкција *would like + to infinitive* за да искаже желба.<br>·**Наставникот:**<br>· Ја покажува флеш-картичката со домати на еден ученик и прашува: *Would you like some tomatoes?*<br>· Учениците одговараат: *Yes, please.* или *No, thank you.* во зависност од ситуацијата.<br>· Повторува со друга флеш-картичка и друг ученик.<br>· Вежба нудење со флеш-картички низ целата училница, менувајќи ја храната и учениците.<br>· Им кажува на учениците да ги погледнат сликите во нивните учебници.<br>· Учениците ги читаат говорните облачиња и ги нумерираат сликите според редоследот на разговорот.<br>.***Завршна активност*** **-Наставникот:**<br>· Им дели флеш-картички со храна на поединечни ученици. | • Учебник<br>• Наставнички прирачник<br>• Табла (обична или бела табла)<br>• Фломастери / креда<br>• Проектор / интерактивна табла<br><br>Флеш-картички (flashcards<br><br>**Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | -Усни /писмени одговори (активно учество на час изработка на вежба) |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | · Учениците наизменично нудат картичка на друг ученик, користејќи ја фразата: *Would you like a (tomato)? / some (bread)?*<br>· Учениците кои ќе кажат *Yes, please* ја земаат картичката и потоа ја нудат на следен ученик.<br>· Активноста продолжува додека сите ученици не се вклучат, со цел да се прегледа новиот јазик од лекцијата преку практична и интерактивна игра..***Рефлексија***<br><br>• Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на дениот час.<br><br>**Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа прилагодена од час број 1**Диференцирани активности:**<br><br>**Диференцирана активност –** Наставникот нуди дополнителна поддршка (слики,зборови) за ученици на пониско ниво, а на напредните им дава потешки зборови или бара да состават реченици со нив.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?<br><br>користиме во секојдневниот живот? | | Наставникот набљудува дали учениците ги препознаваат зборовите, правилно ги пишуваат и изговараат. По потреба, дава насока или помош. |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 4 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 5 одд (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 4 The market 12 часа | Време за реализација: декември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| **Содржина (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| наставки за множина: *-s (plates), -es (glasses), -ves (knives), -ies (cookies)* | Применува правописни правила за да напише зборови во множина користејќи различни наставки. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 39** | ***Воведна активност*** **–Наставникот:**<br>· Подига по една флеш-картичка со храна, без да го каже зборот.<br>· Учениците го запишуваат зборот во своите тетратки.<br>· Потоа работат во парови за да ги споредат своите одговори и правопис.<br>· Заедно со целата класа ги проверува точните зборови и правопис..***Главни активности*** **Наставникот:**<br>· Заедно со учениците ги пее деловите од песната *Pick them from the tree* и *Grow them in the ground.*<br>· Објаснува го значењето на зборот *ground* (земја, почва).<br>· На табла црта големо дрво, растение и почва.<br>· Прашува: *Which fruit from the song grows on trees?* (Учениците одговараат: *apples, pears*).<br>· Доброволци пишуваат или цртаат во дрвото овошја кои растат на дрвја.<br>· Потоа наставникот прашува за зеленчукот (што расте во земја) и ги продолжува останатите прашања од Activity 2 во учебникот.***Завршна*** **Наставникот:**<br>· Црта три круга на табла. Во првиот пишува **Fruit**, во вториот **Vegetables**, а во третиот **Other**.<br>· Им објаснува на учениците дека ќе прават мапа за повторување на клучниот вокабулар од лекцијата.<br>· Заедно со учениците прави *brainstorming* – тие кажуваат зборови за храна од оваа и претходни лекции. | • Учебник<br>• Наставнички прирачник<br>• Табла (обична или бела табла)<br>• Фломастери / креда<br>• Проектор / интерактивна табла<br><br>Флеш-картички (flashcards<br><br>**Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | Се набљудува дали учениците препознаваат и опишуваат свои примери и дали разбираат зошто тие се важни. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | · Наставникот ги запишува зборовите во соодветните кругови (на пр. *banana* под **Fruit**, *carrot* под **Vegetables**, *cheese* под **Other**).<br>· На крај, го користи дијаграмот за повторување и класификација на зборовите.<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br>***Рефлексија***<br>**Диференцирана активност**<br><br>**За ученици со потешкотии:**<br>– Наместо да пополнуваат од меморија, добиваат лист со можни зборови за пополнување и избираат точниот.<br><br>**За напредни ученици:**<br>– Осмислуваат сопствени стихови со нови зборови и ритам, инспирирани од песната, па ги разменуваат со друг пар за пополнување.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | **Наставникот** набљудува дали учениците:<br>ја пополнуваат табелата точно,<br>користат меморија,<br>соработуваат во пар. |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 4 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 5 одд (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 4 The market 12 часа | Време за реализација: декември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| изрази за количество (*some/any/a lot/a few/a couple of*) | Користи соодветен израз за количество во прашални, потврдни и одречни реченици. | **1 час**<br>**___.__.2025**<br>**Час број 40** | ***Воведна активност***<br>**Наставникот:**· Прашува: *Is there any food in the classroom?*· Поттикнува ученици да одговорат, на пр. *Yes, there is some fruit.* или *No, there isn't any food.*<br>· Продолжува со дополнителни прашања, на пример:<br>– *Are there any apples?*<br>– *Is there a sandwich?*<br>· Внимава да добие и потврдни (*Yes, there are.*) и одречни одговори (*No, there aren't.*), со цел да се прегледаат формите *Is there...?* и *Are there...?* преку практична употреба.<br>***Главни активности* - изрази за количество**· Им дава време на учениците да ја разгледаат сликата од учебникот.<br>· Им вели да работат во парови и да поставуваат прашања користејќи *Are there ...?* и *Is there ...?*, на пример:<br>– *Are there any bananas?*<br>– *Is there a pizza?*<br>· Учениците одговараат едни на други според сликата.<br>· Потоа, наставникот ги проверува одговорите заедно<br>***Завршна активност- наставникот***<br>· Изговара реченици за својот стол или маса, мешајќи вистинити и лажни, на пр.– *There aren't any books on my desk.– There is a banana on my table.* | Табла и маркер/креда **–**<br>Флеш-картички<br>Учебник (SB – Student's Book)<br>Тетратки и пенкала/моливи<br>**Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | **-** Набљудување (Observation)<br>Проверка на тетратки<br>Усна проверка<br>Чек-листа со емоции<br>**Наставникот** набљудува дали учениците:<br>• формулираат прашања<br>• даваат точни одговори според табелата. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | · Учениците слушаат внимателно и кажуваат дали реченицата е **true** или **false**.<br>· По неколку примери, ги поттикнува учениците да измислат свои реченици за својата маса/клупа, користејќи го јазикот од часот (*There is... / There isn't... / There are... / There aren't...*).<br>· Активноста се користи за вежбање на клучниот јазик преку набљудување и логичко размислување..**Диференцирана активност**<br>**За ученици со потешкотии:**<br>– Добиваат помошна табела со готови прашања и треба само да изберат ✓ или ✗ за одговорот<br>**За напредни ученици:**<br>– Сами формулираат нови прашања и одговори, вклучувајќи нов вокабулар по сопствен избор<br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br>***Рефлексија***<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | |

**Чек-листа за следење на напредок**

Име и презиме: _____________________

| Цел | Добро | Делумно | Треба поддршка |
|---|---|---|---|
| формулираат прашања и реченици | | | |
| даваат точни одговори според табелата. | | | |
| Соработува при работа во пар | | | |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 4 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 5 одд (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 4 The market 12 часа | Време за реализација: декември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| еднослoжни и двосложни придавки *(small, tiny, big, huge, noisy, beautiful, pretty, terrible, cheap, expensive)*<br><br>) | Опишува луѓе, места, предмети и настани користејќи описни еднoсложни и двосложни придавки. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 41** | ***Воведна активност***<br>**Наставникот:**· Ги прашува учениците: *Who are the four Super Friends?* и ги поттикнува да ги именуваат (на пр. *Misty, Thunder, Flash, Whisper*).· Потоа прашува: *What do you remember about the previous episode?*<br>· Ги поттикнува учениците да кажуваат настани, проблеми или што направиле ликовите во претходната епизода.· Доколку е потребно, дава потсетници или слики за да им помогне.<br>· Активноста служи како вовед во новата приказна и како начин за активирање на претходното знаење<br>***Главни активности***<br>**да се презентира сликовита приказна**<br>**Наставникот:** пушта видео, паузирајќи на клучни моменти за да провери разбирање.· Прашува: *What has the man in the market got?* (Учениците одговараат: *A box of bad apples and a box of good apples.*)· Потоа прашува: *Why is it a problem?* (Одговор: *He is tricking his customers.*)<br>· Отвора дискусија со класот за вредноста на **не мамење** (*not cheating*).· Прашува: *Can you think of situations where someone might cheat?*· Учениците даваат примери, на пр.:<br>– *Cheating in a test– Breaking the rules in a game*<br>– *Saying something is yours when it isn't*<br>· Поттикнува учениците да објаснат зошто мамењето не е фер и како тоа влијае врз другите.**Завршување на часот** | табла со маркер, тетратки на учениците, устен диктат или флеш-картички (по избор)<br><br>**Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | **Наставникот** набљудува дали учениците:<br>• ги препознаваат ликовите,<br>• ги именуваат<br>• покажуваат разбирање на приказната.<br><br>на табла како пример и за финална проверка |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Цел:** да се вежба приказната<br>**Наставникот:**<br>· Ги дели учениците во групи од по шест.<br>· Секој ученик добива улога од приказната (на пр. Super Friends и други ликови од епизодата).<br>· Ја пушта снимката од приказната.<br>· Учениците го слушаат аудиото и го повторуваат дијалогот, секој во својата улога.<br>· По потреба, наставникот паузира за да им помогне со изговор и интонација.<br>· Активноста се користи за развој на говорни вештини и разбирање на приказната преку активна улога.**Диференцирана активност**Наставникот ги прилагодува активностите според потребите на учениците:<br><br>• За ученици со потешкотии: нуди визуелна поддршка, модел реченици, или помош при избор на улога.<br>• За напредни ученици: поттикнува употреба на подолги реченици, проширување на дијалогот или измислување нов крај на приказната.<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>***Рефлексија***<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | Наставникот набљудува како учениците учествуваат во активностите, дали разбираат и правилно ја изведуваат својата улога.<br>Ги следи нивната вклученост, точноста во говорот и соработката во група.<br>По потреба, дава насока или повратна информација. |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 4 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 5 одд (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 4 The market 12 часа | Време за реализација: декември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| храна: *dipped in, hot dish/ side dish, covered in/with, layer of, ingredient, toasted bread, gravy, mustard, sauce, curds, baked pudding, candy bar, popsicle, lemon-lime* | Препознава и користи новоусвоени лексички единици за храна. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 42** | ***Воведна активност***<br>**Наставникот**<br>· Поставува прашања за да ја преразгледа приказната, на пример:<br>– *What has the man in the market got?*→ (*He has a box of bad apples and a box of good apples.*)– *What do the Super Friends do?*<br>→ (*They help the customers and stop the man from cheating.*)<br>– *How does the man feel?*→ (*He feels embarrassed / sorry / ashamed.*)<br>· Ги поттикнува учениците да одговараат целосно и со свое објаснување каде е можно.· Доколку е потребно, користи слики од приказната или паузи од видеото како потсетници.· Активноста овозможува проверка на разбирање и поттикнување критичко размислување.<br>***Главни активности -дискусија***<br>· Објаснува зошто е важно да бидеме искрени: *People stop trusting you, and you can hurt others and yourself.*<br>· Дискусијата може делумно да се води на мајчин јазик (L1), за учениците подобро да ја разберат вредноста.<br>· Внимателно осигурува дека разговорот е позитивен и не прераснува во обвинување.<br>***Завршна активност***<br>**Наставникот:**<br>· **Да се повтори јазикот од часот**<br>· **Наставникот:**<br>· Им кажува на учениците дека ќе вежбаат правопис со зборови што содржат **w** и **wh**. | -<br>Аудио-снимка од приказната<br><br>Табла и маркер/креда –<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student’s Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | - Го следи разбирањето и вклученоста на учениците во активноста.<br><br>· Поттикнува самодоверба и ги охрабрува групите да настапат пред класот. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | · Ја диктира реченицата со овие звуци (на пр. *Where is the white whale?*)<br>· Учениците ја запишуваат реченицата во тетратките.**Диференцирана активност**<br>Напредните ученици пишуваат 2–3 реченици со објаснување, додека ученици со потешкотии можат да изберат место и да напишат само една реченица<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>***Рефлексија***<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? Рубрика за оценување | | **Рубрика за оценување** |

**Рубрика за оценување**

Име и презиме: ______________________ Датум: ___________

| Критериум | ✓ = целосно совлададо | = делумно | ✗ = не е совладано |
|---|---|---|---|
| Разбира текст | | | |
| Јасно зборува | | | |
| Користи нов вокабулар | | | |
| Соработува во група | | | |
| Го разбира значењето на приказната | | | |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 4 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 5 одд (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 4 The market 12 часа | Време за реализација: декември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| развивање свесност за други култури и земји преку традиционална специфична кујна | Препознава различни видови јадења и ги поврзува со соодветна култура. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 43** | ***Воведна активност***<br><br>**Наставникот:**<br>· Го претставува новиот збор **recipe** – објаснува дека тоа е упатство како да се подготви јадење.<br>· Ја напишува речта *recipe* на табла и дава пример, на пр.: *a recipe for a cake*.· Потоа прашува: *What ingredients do we need to make a cake?*· Поттикнува учениците да набројат состојки, на пр.: *flour, eggs, sugar, butter, milk*.<br>· Ги запишува одговорите на табла и ја поврзува дискусијата со зборот *recipe* за подобро разбирање.***Главни активности*** **правописни правила за да напише едноставни реченици кои вклучуваат** видови јадења **Наставникот:**<br>· Им кажува на учениците: *This is a recipe.*<br>· Ги чита состојките наглас, на пр. *flour, sugar, eggs...* и ги замолува учениците да повторуваат по него.<br>· Потоа ги чита чекорите од рецептот еден по еден.<br>· Додека чита, ги мимира дејствата за да им помогне да ги разберат новите глаголи, на пр.:<br>– Претставува дека меша: *mix the ingredients*<br>– Претставува дека става колачиња во рерна: *put the cookies in the oven*<br>· Ги охрабрува учениците да ги имитираат движењата со него.<br>· Активноста овозможува учење преку слушање, гледање и движење – особено корисно за млади ученици.. | Табла и маркер/креда **–**<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | Усно проверување на познавањето на глаголите при покажување картички<br><br>Набљудување додека учениците читаат и наоѓаат специфични информации (скенирање)<br><br>Преглед на белешките за дневната рутина<br><br>Проверка на напишаниот текст според |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ***Завршна активност*- изведување заклучок**<br><br>Учениците ги проверуваат одговорите во консултација во парови<br>Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на денешниот час.<br><br>**Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа (семафор)<br><br>**Диференцирани активности:**<br>За ученици со потешкотии: добиваат реченици со подцртани зборови и треба само да ги поправат<br>За ученици со просечно ниво: составуваат 2–3 реченици<br>За напредни ученици: пишуваат краток текст<br><br>**Рефлексија**<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | моделот (точност , редослед на активности, граматика)<br><br>Формативно следење со кратка самоевалуација (на пример, учениците да заокружат: „Разбирам – Делумно –Ми треба помош“) |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 4 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 5 одд (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 4 The market 12 часа | Време за реализација: декември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| бројни и небројни именки | Прави разлика меѓу бројни и небројни именки и составува реченици користејќи соодветни изрази за количество. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 44** | ***Воведна активност* Наставникот:**<br>· Ги дели учениците во мали групи.<br>· Им дава инструкции: *Draw five foods you remember from this unit.*<br>· Учениците ги цртаат храните (на пр. *apple, bread, cheese, carrot, fish*) и потоа ги исекуваат цртежите.<br>· Оваа активност им помага визуелно да го преразгледаат вокабуларот од единицата.<br>· Подоцна може да се искористат цртежите за други активности, како нудење храна (*Would you like...?*), класификација (*fruit, vegetables, other*), или креирање рецепти.<br><br>***Главни активности*** Прави разлика меѓу бројни и небројни именки**Наставникот:**· Им вели на учениците: *Look carefully at the pictures in your Student's Book.*· Им дава неколку моменти да ги проучат сликите и да се подготват.· Потоа ја пушта аудио-снимката без прекинување, од почеток до крај.<br>· Учениците ја слушаат и ја извршуваат задачата што е поврзана со сликите (на пр. одговараат на прашања, поврзуваат слики со дијалози или нумерираат настани).<br>· На крај, наставникот ја проверува активноста заедно завршна активност**Форма на работа:**<br>Индивидуална работа со писмено извршување на задачата. По завршување, учениците можат да ги споделат одговорите во парови или пред цел клас за проверка. | Табла и маркер/креда –<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | **Набљудување:** при читање, пишување и говорни вежби.<br><br>**Прашања:** за проверка на разбирање (на пр. „Кога станува Сем?").<br><br>**Усни излагања:** со повратна информација.<br>**Писмена проверка:** на белешки и текстови.<br><br>**Самоевалуација:** со кратка чек листа или 2–3 рефлексивни |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ***Завршна активност-***<br><br>**Вреднување на ученичката работа преку формативно следење**<br>**Техника на оценување:** самоевалуација<br>**Инструмент:** чек-листа со визуелен приказ (семафор)<br><br>**Рефлексија**<br>Поттикнувачки прашања за размислување:<br><br>• Што работевме денес?<br>• Како се чувствував за време на активностите?<br>• Што ново научив?<br>• Каде и како можам да го применам наученото во секојдневниот живот?<br><br>**Диференцирани активности:**<br>За ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка:<br>Се користат прилагодени наставни средства (визуелни, тактилни, картички, предмети за манипулација) за олеснување на разбирањето и практикување на содржината.За ученици кои покажуваат повисоко ниво на разбирање:Добиваат задача за самостојна и креативна примена на знаењето преку составување текст, решавање проблем, истражување или презентација. | | прашања.<br><br>- Формативно следење преку набљудување и проверка на пополнетата задача |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 4 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 5 одд (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 4 The market 12 часа | Време за реализација: декември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| **Содржина (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| броеви од 1 до 100, како и *one hundred, one thousand, a million* | Слухово препознава, изговара и текстуално пишува броеви од 1 до 100, како и 1 000 и 1 000 000. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 45** | ***Воведна активност***<br>**Наставникот:**<br>· Им вели на учениците да се вратат на **страница 52, Активност 1** во нивните учебници.· Прашува: *How much butter do we need for the chocolate cookies?*· Потоа продолжува со другите состојки:<br>– *How much sugar?– How many chocolate chips?– How much flour?*<br>· Ги поттикнува учениците да го користат соодветниот израз за количина (*a cup of..., 100 grams of..., a tablespoon of...*)· Ја користи активноста за да го преразгледа јазикот за изразување количини (*much / many / a lot of / some*), во контекст на рецепт.<br>***Главни активности натпревар***<br>**Наставникот:**<br>· Им дава задача на учениците претходно: *Bring a small food item from home that has the weight (in grams) written on the package.*<br>· На час, ги дели учениците во **четири групи**.<br>· Секоја група прави список од донесените прехранбени продукти и ја запишува тежината од пакувањето (на пр. *Rice – 500g, Chocolate – 100g*).<br>· Потоа групите **разменуваат продукти** и се обидуваат да погодуваат колку тежи секој предмет, без да ја гледаат етикетата.<br>· За секоја точна или блиска проценка, групите добиваат поен.<br>· Наставникот може да ја претвори активноста во **натпревар**: *The group with the most correct guesses wins!*<br>· Активноста охрабрува примена на знаење, мерење, и употреба на вокабулар поврзан со количини. | -<br><br>Табла и маркер/креда –<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | **Набљудување:** додека ученик чита и останатите следат визуелно.<br><br>**Прашања:** за разбирање на текстот и препознавање<br><br>**Усна проверка:** ученици именуваат<br><br>**Кратка проверка:** ученик покажува останатите го именуваат. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ***Завршна активност-*** **изведување заклучок**<br><br>Учениците ги проверуваат одговорите во консултација во парови<br>Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на денешниот час.<br><br>**Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа (семафор)<br><br>**Диференцирани активности:**<br><br>Доколку кај некои ученици ќе се појави потешкотија во совладување на содржината (потешкотии во пишување на пораката), доволно е само да се илустрира.<br><br>**Рефлексија**<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | Подготовка на табела за запишување назив и тежина на продуктите.<br>✓ Формирање групи за активноста.<br>✓ Подготовка на правила за натпревар (поен по точна проценка).<br>✓ Повторување вокабулар за количини (grams, kilo, much/many) |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 4 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 5 одд (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 4 The market 12 часа | Време за реализација: декември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| **Содржина (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| барање или давање информации поврзани со количина и цена | Иницира, води и завршува дијалог, типичен за продажно место, во кој се зборува за количина и цена | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 46** | ***Воведна активност* Наставникот:**<br>· Им објаснува на учениците дека ќе вежбаат собирање со помош на задачи од учебникот.<br>· Им вели: *Work in pairs and do the sums in your Student's Book.*<br>· Учениците соработуваат, се консултираат и ги решаваат задачите заедно.<br>· Наставникот следи и помага по потреба.<br>· На крајот, се проверуваат одговорите заедно<br><br>***Главни активности* дијалог, типичен за продажно место**, **Наставникот:**· Им објаснува на учениците: *You are going to practise food sums using what you've learned about weighing food.*<br>· Ги дели во парови и им дава по еден лист хартија.<br>· Им покажува пример од *food sum* (на пр. *100g of rice + 200g of sugar = 300g*).· Учениците ги читаат и разгледуваат примерите, потоа прават свои пресметки со замислени или реални продукти.· Оваа активност им овозможува да го применат знаењето за мерење и собирање во практичен контекст.<br><br>***Завршна активност* да се повтори што научиле учениците на часот**<br>· Наставникот го запишува следниот поттик на табла: **Today I've ...**<br>· Ги прашува учениците што направиле денес, на пр.: *learned about ....* | -<br><br>Табла и маркер/креда –<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | **Набљудување:** додека ученик чита и останатите следат визуелно.<br><br>**Прашања:** за разбирање на текстот и препознавање<br><br>**Усна проверка:** ученици именуваат<br><br>**Кратка проверка:** ученик покажува број, останатите го именуваат.<br><br>- |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | · Ги запишува одговорите на таблата. Учениците ги препишуваат речениците во нивните тетратки<br><br>**Вреднување на ученичката работа преку формативно следење**<br>**Техника на оценување:** самоевалуација<br>**Инструмент:** чек-листа со визуелен приказ (семафор)<br><br>**Рефлексија**<br>Поттикнувачки прашања за размислување:Што работевме денес?Како се чувствував за време на активностите?Што ново научив?Каде и како можам да го применам наученото во секојдневниот живот?<br><br>**Диференцирани активности:**<br>За ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка:<br>Се користат прилагодени наставни средства (визуелни, тактилни, картички, предмети за манипулација) за олеснување на разбирањето и практикување на содржината.<br><br>За ученици кои покажуваат повисоко ниво на разбирање:<br>Добиваат задача за самостојна и креативна примена на знаењето преку составување текст, решавање проблем, истражување или презентација. | | |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 4 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 5 одд (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 4 The market 12 часа | Време за реализација: декември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| неформален секојдневен разговор, отпоздравување и иницирање дијалог | Користи одреден број колокации за да опише/даде појаснување | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 47** | ***Воведна активност* Наставникот:**<br>· Им вели на учениците: *Think of your ideal fruit salad. What fruits would you like in it?*<br>· Учениците размислуваат индивидуално и потоа запишуваат список со состојки, на пр.: *2 apples, 1 banana, some grapes, half a mango*.<br>· Оваа активност ги поттикнува да ја користат лексиката за храна и количини на креативен начин.<br>***Главни активности* Да се поттикне имагинацијата на учениците Наставникот:**<br>· Јасно го покажува значењето на колокациите<br>– *take out* – претставува земање нешто од сад или фрижидер<br>– *peel* – имитира лупење овошје<br>– *put in* – покажува ставање нешто во чинија или сад<br>– *chop* – имитира сечење со нож· Потоа ја пушта аудио-снимката повторно.· Учениците ги нумерираат сликите според редоследот на дејствата што ги слушаат.<br>· На крајот, наставникот ги проверува одговорите заедно<br>· | Табла и маркер/креда **–**<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student’s Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | **Активно учество во активноста**<br><br>.<br><br>**Поставување прашања**<br><br>**Користење научен вокабулар и граматика**<br><br>**Комуникација со повеќе партнери** |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ***Завршна активност-* изведување заклучок**<br><br>**Наставникот:**<br>· Им кажува на учениците да станат: *Stand up, everyone!*<br>· Започнува игра со инструкции поврзани со готвење.<br>· Дава наредби кои учениците треба да ги изведат како мимики, на пр.:<br>– *Peel a potato!* (учениците имитираат лупење)<br>– *Chop an egg!* (имитираат сечење)<br>– *Put in the bowl!* (покажуваат како ставаат нешто)<br>· Продолжува со различни инструкции.<br>· Играта овозможува забавно повторување на глаголите од лекцијата.<br><br>**Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа (семафор)<br><br>**Диференцирани активности:**<br><br>Доколку кај некои ученици ќе се појави потешкотија во совладување на содржината (потешкотии во пишување на пораката), доволно е само да се илустрира.<br><br>**Рефлексија**<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 4 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 5 одд (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 4 The market 12 часа | Време за реализација: декември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| **Содржина (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| интеркултуролошка поврзаност, како и поврзување на различни народи преку систем на комуникации, сообраќај, трговија, култура и глобализација | Опишува кој е наједноставниот начин за поврзување на луѓе од различни делови на земјината топка применувајќи го новоусвоениот вокабулар. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 48** | ***Воведна активност***<br>**Наставникот:**· Ги дели учениците во мали групи.<br>· Им објаснува: *You will review vocabulary from previous units, but you cannot look back in your books.*<br>· Им поставува тајмер (на пр. 5 минути) и им вели: *Draw as many food or unit-related words as you can remember.*<br>· Учениците цртаат поимите што ги паметат (на пр. *apple, bread, fish, chair, ball*).<br>· Активноста поттикнува меморија, креативност и соработка во група...***Главни активности***<br>**да се организира вокабуларот поврзан со темата**<br>да им се овозможи на учениците<br>да го персонализираат тема<br>· **Учениците** ја пополнуваат Picture Dictionary страната за храна (PT стр. 123).<br>· **Зборови:** bread, eggs, kiwis, grapes, lemons, mangos, potatoes, tomatoes, melons, greens.<br>**Со наставникот:** Ги поттикнува посилните ученици да прошируваат со детали (локација, активности, чувства), и обезбедува повратна информација.<br><br>***Завршна активност***<br>**да се овозможи на учениците да ги изразат своите преференции**<br>· Наставникот ги прашува учениците која им е омилена активност од единицата (на пр. песната, ритмичката | **-**<br><br>Табла и маркер/креда **–**<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | **Набљудување:** додека учениците го решаваат квизот самостојно.<br><br>**Проверка на одговори:** заедничко или индивидуално, со објаснување на точните решенија.<br><br>**Белешки на наставникот:** за тоа кои ученици покажуваат сигурност и кои имаат потешкотии.<br><br>**Повратна активност:** |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | песничка или некоја игра).<br>· Се организира гласање во класот.<br>· Наставникот ја повторува најпопуларната активност со учениците.<br>***Рефлексија*- изведување заклучок**<br><br>Учениците ги проверуваат одговорите во консултација во парови<br>Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на денешниот час.<br>**Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа (семафор)<br><br>**Диференцирани активности:**<br><br>Доколку кај некои ученици ќе се појави потешкотија во совладување на содржината (потешкотии во пишување на поракате), доволно е само да се илустрира.<br>**Рефлексија**<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | кратка дискусија – *Кое прашање ви беше најлесно? А најтешко?*<br><br>**Формативна оценка:** преку Picture Dictionary како алатка за проценка на усвоеност на содржината од единицата. |



resursi.literatura.mk